Собранието на Република Македонија, врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, расправајќи по Декларацијата за Југославија и Декларацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз, донесени од Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991 година во Брисел, а тргнувајќи од принципите на Повелбата на ООН, Завршниот акт на КЕБС во Хелсинки и Париската повелба, на седницата одржана на 19 декември 1991 година, донесе

**Д Е К Л А Р А Ц И Ј А**

**ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО СУВЕРЕНА И НЕЗАВИСНА ДРЖАВА**

1. Република Македонија како суверена и независна држава бара да биде меѓународно призната.

2. Република Македонија ги прифаќа критериумите и ги исполнува условите донесени од страна на Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991 година во Брисел.

3. Република Македонија го прифаќа Нацртот на документот на Конференцијата за Југославија во Хаг.

Таа го поддржува продолжувањето на Конференцијата за Југославија во Хаг и ќе учествува, како и досега, на конструктивен начин во нејзината работа, со цел да се постигна дефинитивно решение за југословенската криза на мирен и демократски начин.

Истовремено, Република Македонија ги поддржува досегашните напори на Европската заедница на тој план и ја изразува својата готовност и натаму активно да учествува во нив.

4. Република Македонија ги поздравува и во целост ги поддржува напорите на ООН преку генералниот секретар и Советот за безбедност за мирен расплет на југословенската криза, вклучувајќи го и упатувањето на мировни сили на ОН.

Собранието на Република Македонија го повикува претседателот на Републиката и ја задолжува Владата, во согласност со нивните уставни овластувања, да ги преземат сите мерки и активности што произлегуваат од оваа декларација.

5. Оваа декларација да се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр.08-5099
19 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.